**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува


Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 16. 11. 2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5665 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво ТВ АРТ Артан ДОО Тетово;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 1 до 10 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 16 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*“).
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*“).
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***Дневно-информативни емисии***

Вестите од 18 часот и 45 минути остануваат, и во овој седми по ред извештаен период, предмет на анализа. Во десетдневниот извештаен период, од 1 до 10 ноември, анализирани се исто толку дневно-информативни изданија на ТВ Арт. Вкупното времетраење на анализираните прилози е 2 часа 14 минути и 26

секунди. Станува збор за прилози со информативен предзнак (вест, вест во низа, извештаи, извештаи со коментар, изјави). *(Табела 1)*

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Арт | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Судство | 00:02:57 | 2,19 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:36 | 1,19 | % |
| СДСМ | 00:04:10 | 3,10 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:10:41 | 7,95 | % |
| Беса | 00:01:44 | 1,29 | % |
| Влада на РМ | 00:10:23 | 7,72 | % |
| Локална самоуправа | 00:09:54 | 7,36 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:06:12 | 4,61 | % |
| Други субјекти | 00:18:16 | 13,59 | % |
| Без субјекти | 00:11:03 | 8,22 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:19:01 | 14,15 | % |
| АРМ | 00:00:22 | 0,27 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:11:47 | 8,77 | % |
| ДИК и други органи | 00:05:16 | 3,92 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:03:47 | 2,81 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:05:27 | 4,05 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:19 | 1,72 | % |
| Граѓански сектор | 00:03:01 | 2,24 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:34 | 0,42 | % |
| Демократски сојуз | 00:02:20 | 1,74 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:00:52 | 0,64 | % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:01:30 | 1,12 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:00:37 | 0,46 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:00:37 | 0,46 | % |
| **Вкупно:** | **02:14:26** | 100 | % |

Два субјекта имаат двоцифрена процентуална застапеност. Тоа се „Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари" со застапеност од 19 минути (14.15%) во вкупното времетраење на анализираните прилози и субјектите методолошки кодирани како „Други субјекти", со одвоен простор од 18 минути (13.59%). Следува група од четири субјекти кои имаат по осумпроцентна застапеност („Експерти/аналитичари", „Без субјекти", ДУИ и „Влада на РМ") и коишто заедно со двата првозастапени субјекта сочинуваат 3/5 (околу 60%) од вкупното време на анализираните прилози.

За два настана што се случија во текот на овој извештаен период, може да се рече дека се носители на застапеноста на субјектите што влегуваат во категоријата „Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари". Едниот е соопштувањето на Извештајот на ЕУ за нашата земја, а вториот настан е поврзан со претседателските избори во САД и случувањата што по тој повод ги организираше американската амбасада во РМ, за нашите политичари. Медиумот посвети по неколку прилози и за двата настана. Во своите вести, ТВ Арт информираше и за средбата на лидерот на Беса со грчкиот амбасадор во РМ, за одвоените средби на премиерот Димитриев и лидерот на ВМРО ДПМНЕ, Груевски со претставникот на партијата ЦДУ од Германија, изјавата на британскиот амбасадор Чарлс Гарет како одговор на прозивките од Груевски во врска

со настаните поврзани со дополнителниот заменик-министер за труд и социјална политика Диме Спасов, набљудувачката мисија на ОБСЕ за претстојните избори во Македонија и друго.

Во категоријата кодирана како „Други субјекти", во овој седми по ред известаен период, е информирано за, или се пренесени изјави на, следниве субјекти: комбинатот „Југохром", компанија „Леар", адвокати, универзитетски професори, ректор на универзитет „Мајка Тереза", универзитет „Мајка Тереза", Стопанска комора на Северо-западна Македонија и др.

Ставот на политичките аналитичари и експертите по одредени прашања, ТВ Арт го пренесе во три прилози, одвојувајќи притоа вкупно околу 12 минути (8.77%) за нивните согледувања на настаните. Трите прилози се однесуваат на: партиските реторики искажани на политичките собири во пресрет на изборите, владините финансиски задолжувања и претседателските избори во САД.

Застапеноста на субјектите кодирани како „Без субјекти" се должи на прилозите посветени на обештетувањето од минатогодишните поплави на жителите на тетовска Шипковица, проблеми со кровот во ОУ „Лирија" од Тетово, протестите во Куманово како поддршка за косовски државјанин, со цел правично судење, работниците од Југохром коишто се на принуден одмор поради затворање на комбинатот. Во сите овие прилози доминантен соговорник беа обештетените жители, родителите на децата, протестантите и работниците од Југохром.

Присутноста на ДУИ, меѓу позастапените субјекти, се должи исклучиво на извештаите за партиските активности коишто добиваат на интензитет со приближувањето на изборите. Медиумот извести за средбата на лидерот на партијата Али Ахмети со новиот известувач за Македонија, европратеникот Кнут Флекенштајн, за Конгресот на Форумот на жени на ДУИ одржан во Тетово, панел дискусијата на ДУИ за економските состојби во Македонија, усвојувањето на листите со кандидати за пратеници.

ТВ Арт известуваше и за редовните активности на владините претставници: за средбата на министерот за животна средина и просторно планирање со градоначалничката на Тетово во врска со загадувањето од комбинатот Југохром, средбата на премиерот Димитриев со претставникот на германската партија ЦДУ, за учеството на вицепремиерот за економски прашања Пешевски на работилницата во Скопје посветена на ОН и др.

Покрај за ДУИ, простор е одвоен уште за 9 политички субјекти: ВМРО ДПМНЕ, СДСМ, Демократски сојуз, ДПА, Беса, ДОМ, Коалиција за промени и правда, Коалиција Унитети, ДПА-ДР, НДП на В.Мемеди и ПДП.

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| ТВ Арт | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| СДСМ | 00:01:02 | 2,52 | % |
| Локална самоуправа | 00:05:27 | 13,29 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:02:09 | 5,24 | % |
| Влада на РМ | 00:02:06 | 5,12 | % |
| Други субјекти | 00:07:03 | 17,20 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:07:17 | 17,76 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:27 | 3,54 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:58 | 7,24 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:02:01 | 4,92 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:04:12 | 10,24 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:58 | 2,36 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:18 | 3,17 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:00:57 | 2,32 | % |
| Демократски сојуз | 00:01:07 | 2,72 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:00:24 | 0,98 | % |
| Без субјекти | 00:00:34 | 1,38 | % |
| | Вкупно: 00:41:00 | 100 | % |

## ***Посебни информативни емисии***

### *Интервјуа*

Емитувани се две интервјуа, едното на 1 ноември, а второто на 10 ноември.

Првото интервју е со поранешниот амбасадор на Албанија во РМ Арбен Чејку, а второто е со претседателот на ДПА Мендух Тачи, со кого е разговарано за актуелните политички случувања во земјава, за претстојните избори и за очекувањата од нив, за листите со кандидати за пратеници.

### *Други информативни програми*

Во рамки на извештајниот период, емитувани се две изданија на емисијата којашто се занимава со обработка на економски теми, насловена „Уметност на финансиите", и вкупно три репризни изданија на двете премиери. Станува збор за колажна емисија составена од повеќе прилози од сферата на економијата.

Во изданието од 2 ноември е емитуван подолг разговор со универзитетскиот професор Петрит Положани, за економските состојби во нашата земја со акцент на владините финансиски задолжувања. Емисијата, на 3 ноември, е репризирана два пати.

Во емисијата од 9 ноември главно се говори за странските инвестиции, со посебен осврт на вложувањата во Слободната економска зона во близина на Тетово. Емисијата е репризирана наредниот ден.

***Сектор за програмски работи***